ложба, а кој во СФРЈ — братска заедница на југословенските рамноправни народи и народности ја покажа својата витална сила во Гоцевско-Титовска смисла на творечко постоење и сеопфатно благордно зрачење на меѓународната сцена.

Ѓурѓевка ДОНЕСКА-ТРЕНЧЕВСКА

## ОСМИ КОНГРЕС НА ИСТОРИЧАРИТЕ ОД ЈУГОСЛАВИЈА

Од 20 до 22 октомври во Аранѓеловац се одржа Осмиот конгрес на историчарите од Југославија. Во работата на Конгресот учествуваа преку 500 историчари-делегати, практичари и научни работници, членови на друштвата на историчарите од републиките и покраините. Од нашата Република на Конгресот беа присутни 35 историчари, кои поднесоа 18 соопштенија. На Конгресот присуствуваа и претставници на општествено-политичките организации од сојузните органи, од Република Србија и општината Аранѓеловац.

**Основна тема на конгресот беше: „Ослободителните и општествените движења во историјата на народите и народностите на Југославија со посебен осврт на второто заседание на АВНОЈ“**

Конгресот работеше на пленарни седници и во седум секции. На пленарните седници беа поднесени четири реферати:

— КПЈ и прашањето за власта во Револуцијата со посебен осврт на одлуките на АВНОЈ;

— Местото на наставата по историја во реформираното училиште;

— Проблемите на наставата по историја на универзитетите и

— Некои нови моменти во марксистичкото сфаќање на историјата.

Темите според кои работеа секциите беа:

— Римските освојувања на нашите земји и формите на отпор на тие освојувања; проблемите на феудализацијата на општеството и отпорите против феудализацијата (I и II секција);

— Борбата на нашите народи против туѓинските освојувања, ослободителните движења против странската власт и општествените движења во југословенските земји во XVI и XVIII век (III секција);

— Општествените движења во ослободување на народите и народностите на Југославија од почетокот на XIX век до 1918 г. (IV секција);

— Општествените движења во Југославија во времето меѓу Двете светски војни (V секција);

— НОБ како општонародна војна и социјалистичка револуција (VI секција) и

— Општествените движења во социјалистичка Југославија.

На овие теми беа поднесени 124 соопштенија.

**Има обиди во интерпретацијата на нашето минато повторно да се афирмираат граѓанските методи**

нагласи во поздравниот збор од учесниците на Конгресот претседателот на Сојузната конференција на ССРНЈ ЈОВАН ДЕЈАНОВИЌ Се настојува од некои националисти и противници на нашиот систем минатото да се претставува само како полигон на кој се водат и вежбаат позициони и маневарски борби околу актуелните прашања на денешницата. Некои се повикуваат на минатото за да најдат поткрепа и докази за старите идеи при што историските вредности не служат на прогресот туку внесуваат пореметување и немир во нашата современост. Тоа е во спротивност со основните определувања на СК и на нашето самоуправно општество, а таквите сфаќања отфрлени се уште со Револуцијата. Тоа се случува вон науката, иако има обиди некои научни установи и поединци да се употребат како средство за манипулирање. Научната историографија треба да се спротивстави и ваквите прашања да ги стави во центарот на своите критички активности и преокупации. Историчарите во таа борба нема да бидат сами. Сите социјалистички сили треба да бидат ангажирани на таа задача, истакна Јован Дејановиќ.

ДУШАН ЖИВКОВИЌ во своето излагање посебно се задржа на одлуките на АВНОЈ за устројството на Југославија, кои денес — од некои кругови — се злоупотребуват и криво толкуваат. Оние што злоупотребуваат, Живковиќ ги раздели во три групи: иредентисти, загрижени националисти и покраински бирократи.

**Не може да се развива историска свест, која е дел од општествената свест и историското мислење кај младата генерација со редуцирани наставни програми и симнување на историјата на 15 и 16 годишна возраст**

За положбата на наставата по историја во реформираното училиште д-р ЛАЗАР РАКИК изнесе повеќе критички забелешки и загрижувачки состојби. Во основното образование осум часа се доволни. Во средното образование положбата е загрижувачка, зашто во првата фаза фондот на часовите е намален за 50% во споредба со поранешната гимназија, а 40% во споредба со основното образование, додека во втората, завршната фаза се укинаа сите часови освен во некои насоки. Тоа значи дека младата генерација на 18 и 19 годишна возраст, кога е најспособна да ги сфати историските процеси и восприеме историските знаења, а со тоа најуспешно да се развие историската свест, на ниво на Југославија само 5% учат историја. Понатаму како слабости и недостатоци на сегашната состојба во наставата по историја беа истакнати слабата застапеност на НОВ и Револуцијата во основното образование, промашена изборна

настава, неадекватно планирање на програмските содржини кое не овозможува современа обработка на наставната материја, слабата опременост на училиштата со нагледни и наставни средства, без специјализирани училници што зборува за слаб стандард и немање услови за осовременување на наставата по историја.

Во дискусијата на Конгресот за положбата во наставата по историја во основното и средното образование и воспитание беа изнесени и други проблеми кои зборуваат за тешката состојба: преопширни текстови во учебниците по историја, сувопарни и неприлагодени на ученичката возраст, слаба стручно-методска оспособеност на еден дел од наставниот кадар, европоцентристички пристап кон обработката на историјата, дуплирање на содржини со предметот марксизам и самоуправување, мала заинтересираност на факултетите и научните работници за реформата на образованието, преголема застапеност на политичката историја итн.

## Револуција за наставата по историја

Поради ваквата положба во наставата по историја во основното и средното образование, а пред сè поради тоа што не се целосно реализирани заклучоците на VII конгрес на историчарите на Југославија, заклучоците на Интеркатедарската конференција и Апелот на Претседателството на Сојузот на историчарите на Југославија од 1983 г. Конгресот донесе резолуција за наставата по историја која ќе биде упатена до сојузните, републичките и покраинските општествено-политички органи. Во Резолуцијата е нагласено што се бара, а пред сè застапеност дека се прифаќаат заедничките програмски јадра, но не со ваков фонд на часови и со смалување на содржините, натаму да се отстрани историзмот од наставата итн. ВО РЕЗОЛУЦИЈАТА ПОНАТАМУ СЕ ВЕЛИ ДЕКА СЕ ОГРАДУВААТ ИСТОРИЧАРИТЕ ОД НЕГАТИВНИТЕ ПОСЛЕДИЦИ КОИ ЌЕ СЛЕДАТ ВО НАСТАВАТА ПО ИСТОРИЈА АКО ОВАА ПОЛОЖБА НЕ СЕ ПРОМЕНИ.

## Шареноликост во студиите по историја на универзитетите во Југославија

Во анализата за проблемите на наставата по историја на универзитетите проф. д-р ВОЈЕ ИГНАЦИЈ, истакна дека ги има повеќе и се од разноврсен карактер: не е изедначен системот на студиите на ниво на Југославија, има еднопредметни и двопредметни студии, во студиите доминира политичката историја, има поголема застапеност на старата за сметка на новата историја, неусогласеност на општата со националната историја и историјата на југословенските народи и народности, недостиг на учебници и скрипти за студентите, слаба материјална опременост на кабинетите по исто-

рија итн. Тој и дискутантите апелираа за усогласување на студиите по историја на универзитетите во Југославија и сообразување со потребите на основното и средното образование и здружениот труд, како и со потребите за создавање на млад научен кадар.

## Само оној народ кој умее да го согледа своето минато знае каква иднина сака

Во дискусијата по рефератите и соопштенијата учествуваа преку шеесет учесници кои придонесоа да се искристализираат некои прашања од историографијата, да се актуализираат некои проблеми, а се дадоа и интересни и вредни милења и предлози. Останаа и дискутабилни проблеми за некои историски настани од националната историја. Во фокусот на интересирањето на дискутантите беа прашањата: поплавата на мемоари, фељтони, студии, хроники и разни други написи на историски теми во кои има и такви кои нудат тенденциозни толкувања на нашето блиско минато, понатаму за фалсификатите на историјата, создавањето на Кралството СХС, карактерот на општествено-политичките односи во Кралството Југославија, причините за пропаста во 1941 година, силите на контрареволуцијата, албанското прашање од Пашиќ до денес, дејствувањето на Призренската лига, националната политика на Црна Гора од Берлинскиот конгрес до Балканските војни, одлуките на АВНОЈ за решавање на меѓунационалните односи. Уште: марксистичкото сфаќање на историјата, за кое реферат поднесе *академикот д-р Бранислав Ѓурѓев*, општествениот и економскиот развој на земјата од 1945 до 1948 година, карактерот на Балканските војни за што сè уште има различни толкувања и други. Општо речено дискусијата беше на високо ниво, конструктивна и толерантна.

## Заклучоци на конгресот

Во завршниот дел од работата на Конгресот беше истакнато дека СДИЈ е ангажиран и посветува сериозно внимание на активностите за издавање на III и IV том од историјата на народите и народностите на Југославија за, што претставува усвоен сојузен проект. Натаму да се преиздаде I и II том од историјата на Југославија, второто издание на историјата на човештвото, засилување на соработката меѓу сојузите на друштвата на историчарите во републиките и покраините, се форсира издавањето на историографија на Југославија, да се бара помош од општествено-политичките органи за надминување на кризната состојба во двете списанија што ги издава СДИЈ: „Настава по историја“ и „ЈИЧ", да го сврти своето внимание кон поголемо активирање на базата односно СДИ во републики и покраини, а во нивните рамки и по општините, Сојузот да ја засили работата на секциите. Ус-

воени беа и следните заклучоци: да се посвети поголемо внимание на издавањето архивски изворен материјал, интеркатедарската конференција да ги разгледа плановите и наставните програми заради усогласување, сојузот да посвети поголемо внимание на научната критика, да се зголеми соработката со сродни институции, музеи, архиви и слично. Конгресот заклучи Деветтиот конгрес на историчарите на Југославија да се одржи во Приштина во 1987 година.

Наум ДИМОВСКИ

## СОВЕТУВАЊЕ ЗА СПОМЕНИЧНАТА КУЛТУРА ОД НОВ И РЕВОЛУЦИЈАТА ВО КУМРОВЕЦ

По повод одбележувањето на јубилејната 40 годишнина од одржувањето на II-то заседание на АВНОЈ, од 25 до 27 јуни 1984 година, во родното место на Јосип Броз Тито, се одржа дводневно советување, во организација на Сојузната конференција на ССРНЈ.

На Советувањето зедоа учество претставниците на соодветните комисии или координациони одбори за негување на револуционерните традиции, на републичките и покраинските конференции на Социјалистичкиот Сојуз, потоа, на Сојузот на борците од НОВ како и на соодветните стручни служби на републичките и покраинските органи за култура, на заводите за заштита на споменицте на културата, на ЈНА, на Сојузот на Социјалистичката младина на Југославија и др.

Бројните реферати и соопштенија со разновидна тематика што беа поднесени на дводневното советување, осведочија дека изминатата временска дистанца од 40 години, овозможила да се согледаат не само резултатите, туку и бројните актуелни и акумулирани проблеми коишто се присутни во најновата југословенска споменична култура.

Така на пример, од констатациите дека одделни крупни историски настани од НОВ сé уште чекаат на свое достојно одбележување (Сремскиот фронт) постојат и такви кои по своето значење не можат да се споредуваат со споменатиот, но за кои се најдени материјални средства. Беше обелоденето и прашањето за евиденцијата на споменицте, нивното одржување, кому и каде сè уште треба да се подигне споменик, а особено општествениот третман (статус) и одржувањето на околу 10.000 споменици, на повеке од 90.000 спомен-обележја и на 60-те меморијални центри, колку што постојат во Југославија.

Одделните прилози ја поставија и дилемата: дали овој релативно богат меморијален фонд кај нас е граден без одредена и однапред изградена политика, за критериумите и средствата за нивното градење, особено и соодветен општествен стручен третман Во оваа смисла дури се бе-

29*